**20252635062**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 151/21 и 12/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НЕТО-ЗАДОЛЖУВАЊЕ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА ДОМАШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПАЗАР ВО 2025 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/24) во точката 2 зборовите „35.670.000.000,00 (триесет и пет милијарди и шестотини седумдесет милиони) денари“ се заменуваат со зборовите „34.439.000.000,00 (триесет и четири милијарди и четиристотини триесет и девет милиони) денари“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-11792/4
23 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.